РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1896/2
19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-1896/1 од 30.03.2023 година, против Здружението на пензионери-----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што Здружението на пензионери има внатрешни органи кои можат да постапуваат.

Предметот со број 12-1896/1 од 30.03.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 30.03.2023 година, поднесена е пријава против Здружението на пензионери---------- и оформен е предмет број 12-1896/1 од 30.03.20232 година.

Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на изборни нерегуларности за членови на Собранието во Здружението на пензионери-Крива Паланка, во текот на месец февруари 2022 година .

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Имено, Здружението на пензионери има внатрешни органи кои можат да постапуваат по изнесените наводи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О
Одобрил: Б.И

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT